# Под - стратегија за Рурален развој на Општина Куманово

# 2009 - 2013

Септември 2009

# Кратенки:

АПРЗ - Агенција за поттикнување и развој на земјоделието

ГУП - Генерален урбанистички план

ЕУ - Европска унија

ИПА - Инструмент за предпристапна помош

ИПАРД- Компонента за рурален развој на Инструментот за предпристапна помош

ЈП - Јавно претпријатие

ЈПП - Јавно приватно партнерство

ЛАГ - Локална акциона група

ЛАПВ - Локален акционен план за вработување

ЛЕР - Локален економски развој

ЛС - Локална самоуправа

МААСП- Програма за поддршка на советодавните услуги во земјоделството во Македонија (финансирани од СИДА)

МЗ - Месна заедница

МЗШВ - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

ОСТУ - Општинско средно техничко училиште

ОУ - Основно училиште

ПУ - Подрачно училиште

РМ - Република Македонија

СИДА - Шведска агенција за меѓународен развој

СОУ - Средно општинско училиште

ССОУ - Средно стручно општинско училиште

SWOT - Анализа на јаки страни, слаби страни, можности и закани

# Содржина:


Кратенки: ........................................................................ 2

Содржина: ........................................................................ 3

Предговор ........................................................................ 5

ИЗВРШНО РЕЗИМЕ ........................................................................ 6

Вовед ........................................................................ 6

ПРОФИЛ НА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ НА ОПШТИНА КУМАНОВО ........................... 9

Историјат на Општина Куманово ........................................................ 9

Географски и климатски карактеристики на Општина Куманово ................. 9

Планини ........................................................................ 10

Реки ........................................................................ 10

Минерални и термални води ........................................................ 10

Минерали и руди ........................................................................ 10

Клима ........................................................................ 10

Карактеристики на руралните средини. ................................................ 10

Население и Социјална структура на Општина Куманово ......................... 12

Население ........................................................................ 12

Во руралните средини на општина Куманово ........................................ 13

Социјална структура на населението од руралните средини ..................... 16

Образовна структура на Општина Куманово ............................................ 16

а) Предшколско образование ........................................................ 16

б) Основно образование ........................................................ 17

в) Средно образование ........................................................ 17

г) Објекти од сферата на образованието кои се наоѓаат во руралните средини ........................................................................ 18

Економија и аграр на Општина Куманово ............................................ 19

ЗЕМЈОДЕЛСТВО ........................................................................ 19

Култура и културни обележја во руралните средини на Општина Куманово 21

ДИНАМИКА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОД-СТРАТЕГИЈАТА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ . 23

УПРАВУВАЊЕ И КООРДИНАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ................................. 23

СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА ........................................................ 23

ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОД-СТРАТЕГИЈАТА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА ОПШТИНА КУМАНОВО ........................................................................ 23

АНАЛИЗА НА ПОТРЕБИТЕ ........................................................ 24

ПРИСТАП И ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ ................................................ 25

ПОД - СТРАТЕГИЈА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА ОПШТИНА КУМАНОВО ............... 25

Стратешки цели и конкретни цели на Под – стратегијата за рурален развој .. 26

Прилог 1 - Стратешки план за рурален развој во Општина Куманово ......... 29

Прилог 2 - Прашалник што се користеше при анкетирањето на руралното население....35
Прилог 3:....37
SWOT Анализа (Анализа на силни и слаби страни, можности и закани)......37
Прилог 4:....37
PEST/PESTLE Анализа....37
Прилог 5: Анализа на заинтересираните страни....38
Прилог 6....38
Членови на Работна група за Рурален развој во општина Куманово....38

## Предговор

Врз основа на постоечките намери за спроведување на евроинтеграциски процеси на Република Македонија со цел подигање на квалитетот на живеење на граѓаните во руралните средини, а наедно и подигање на стандардите според европските критериуми, се спроведуваат одредени процеси на стратешко планирање на ниво на Републиката кои не би можеле да се имплементираат доколку и локалните власти не се вклучат во тој процес.

Имено, потикнати од тие стратешките планови, а наедно и следејќи ги потребите и барањата на граѓаните од рамките на својата општина, локалната самоуправа на општина Куманово во соработка со Програмата за поддршка на советодавните услуги во земјоделството во РМ (МААСП) пристапи кон изработка на Под-стратегија за рурален развој за период од 2009 - 2013 година.

Под-стратегијата произлезе пред се од потребите на граѓаните во руралните средини за воспоставување на по-организиран пристап за решавање на постоечките проблеми во руралните средини на Општината Куманово, кои во изминатиот период беа подложени на транзициониот виор кој остави сериозни белези во негативна смисла.

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

## *Вовед*

Водејќи се од спецификите на самата општина (геостратешка позиција и постоечки потенцијали од сите сфери), локалната самоуправа на општина Куманово имајќи ги во предвид новите законски регулативи со процесот на децентрализација, во кои се зголемуваат нејзините надлежности во развојот на руралните средини се одлучи со поддршка на МААСП да изготви Стратешки документ „ Под-стратегија за рурален развој на Општина Куманово за пероиод од 2009 до 2013 година.

Овој документ се базираше врз општи податоци за развојот на општината, врз статистички и податоци добиени од анализата направена од консултанти кои беа појдовна основа во создавање на цели (специфични и конкретни) кои ќе бидат постигнати со определени активности т.е. проекти.

Тргнувајќи од сите тие сознанија, а користејќи ги принципите на МААСП беше формирана локална работна група составена од претставници на Општината Куманово, подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за подршка на развојот на земјоделството на РМ, претставници од невладиониот и бизнис сектор на Општина Куманово, која користејќи го ендогениот пристап од долу – на горе (bottom up) и соодветните алатки за стратешко планирање преку организирани работилници во текот на изминатите 6 месеци ја изработија Под - статегијата за рурален развој на Општина Куманово за период 2009-2013 година.

Поконкретно документот содржи елементи за поставување на под-цели и нивна имплементација за подобрување на социо - економскиот развој на руралните средини, преку организирано управување со ресурсите, развој на претприемачкиот потенцијал, јакнење на капацитетот на сите локални релевантни субјекти кои имаат надлежност за делување во руралните средини со подобрување и јакнење на јавните услуги, подобрување на инфраструктурата, како и механизми за искористување на постоечките ЕУ фондови за поддршка во оваа област. А овие под цели треба да придонесат до главната стратешка цел која има оддржлив карактер, а тоа е подобрување на условите за живот во руралните средини кои индиректно ќе придонесат кон намалување на итензитетот на миграција на постојната популација од овие средини и отварање на можности за враќање на дел од населението назад во своите родни огништа.

Под-стратегијата за рурален развој ќе претставува документ кој ќе биде усвоен од страна на Советот на Општината Куманово и во себе ќе содржи елементи за интегрирање на партнерства од различен вид, се со цел негова имплементација. Имено работната група ги дефинира сите можни партнерства помеѓу релевантните субјекти кои се надлежни секој во својата област, а тоа се партнерствата помеѓу локалната самоуправа (заедно со своите јавни установи) со бизнис сектор и локалните невладини организации, партнерства со органите и телата на централната власт (министерства, агенции и сл) како и воспоставување на јавно приватно партнество со засегнати страни.

Овој пристап со добро организирани и мотивирачки елементи може да придонеседо создавање на услови за сериозно завземање и решавање на постоечките проблеми во руралните средини на Општина Куманово.

Дополнително, оваа под – стратегија ќе ја подготви руралната средина на општината и Општина Куманово за преземање на идни чекори во реструктуирање и прилагодување на руралните заедници заради организирање на овие средини и нивно интегрирање во идни Локални Акциони Групи, а со цел навремено зајакнување на нивните капацитети за користење на предпристапните фондови за рурален развој и понатаму, со зачленувањето на Република Македонија во ЕУ, нивно

вклучување во користењето на структурните фондови од ЕУ наменети за рурален развој и управување со таквиот развој со компатибилен и интегриран пристап со оној на ЕУ.

# Општина Куманово

# ПРОФИЛ НА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ НА ОПШТИНА КУМАНОВО

Врз основа на пописот од 2002 година Општината Куманово брои 105.484 жители и тоа во Градот Куманово и во 28 селски средини, но имајќи ја во предвид новата Територијална поделба која се спроведе 2004 врз основа на Законот за Територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија, под Општината Куманово подпаднаа уште 12 села од поранешната Општина Орашац и 7 од Општината Клечовце.

Денес како селски средини кои подпаѓаат на Општина Куманово се следните села и тоа вкупно 47: Агино Село, Бедиње, Бељаковце, Биљановце, Брзак, Вак'в, Винце, Габреш, Горно Коњаре, Градиште, Д'лга, Доброшане, Довезенце, Долно Коњаре, Живиње, Зубовце, Јачинце, Карабичане, Клечовце, Кокошиње, Колицко, Косматац, Кутлибег, Кучкарево, К'шање, Лопате, Љубодраг, Мургаш, Ново Село, Новосељане, Орашац, Пезово, Проевце, Пчиња, Режановце, Речица, Романовце, Скачковце, Сопот, Студена Бара, Сушево, Табановце, Тромеѓа, Умин Дол, Черкези, Четирце и Шупљи Камен.

## *Историјат на Општина Куманово*

Првите факти за населената област Куманово датираат од 1519 година, а изворот на информации потекнува од архивите во Истанбул, Турција. На почетокот, оваа област била населена со 52 семејства и 300 жители. Најдеталните податоци се од Евлија Челебија, кој патувал во регионот и кој го забележал следново:

*„Населената област Куманово се наоѓа на територијата на санџакот Скопје. Градот има многу реки и околу 600 куќи покриени со покривни плочки. Џамијата, која се наоѓа во трговската област, е прекрасна и има училш-те (медреса), амам, трговски центар, додека климата во градот е блага. Постојат многу лозови полиња и земјиште каде се насадени различни видови овошја."*

Куманово станува урбано подрачје со административен центар, Нахијат, во доцниот XVI или во почетокот на XVII век. По Карпошовото востание во 1689, Куманово влегува во период на стагнација и до крајот на XVIII век претставува турска касаба (мал град) . Кон крајот на XIX век, градот доживува економски подем (земјоделство, занаетчиство и трговија), но нема некој позначаен индустриски развој до крајот на Втората светска војна. По 1945 година, Куманово доживува брз економски, административен и културен развој.

Како резултат на богатата историја и на опкружувањето, на територијата на градот и во околината (во регионот) се наоѓаат голем број историски и културни знаменитости, кои датираат од предисториско време до денес. Најстари локалитети се: Костоперска, Градиште кај селото Пелинце, неолитскиот локалитет кај селото Долно Нагоричане. Црквата Св.Ѓорѓи (Старо Нагоричане) изградена во 1071, реконструирана во 1318 и црквата Св. Богородица (село Матејче) од 1350 се најпознати културни и религиозни објекти од оваа епоха.

Од XVII век се останати следниве обележја во Куманово: Џамијата Екси, црквата Св.Никола, како и манастирот во селото Градиште.

## *Географски и климатски карактеристики на Општина Куманово*

Лоцирана во северо-источниот дел на Република Македонија, на самата раскрсници на двата најзначајни коридори 8 и 10, Општината Куманово се карактеризира како најголема општина во Републиката со свои специфики и потенцијали од различни области.

## Планини

Околината на Куманово е богата со различни видови пејзажи: планини, долини и кањони. Тие се формирани како резултат на тектонски движења на земјиштето во различни геолошки периоди. Станува збор за следниве планини:

Скопска Црна Гора, Руен и Козјак, од кои Руен спаѓа во ниските планини, додека другите две се со средна височина.

Западно од Куманово, каде се наоѓаат ограноци на Скопска Црна Гора, највисокиот врв е Рамно, со височина од 1.651 м, додека источно од Куманово се ограноците на Градичка Планина, со височина од 790 м. На север се наоѓаат ограноци од планината Руен, со врвот Рун кој е висок 968 м. Источно од планината Руен се наоѓа планината Козјак, со највисок врв од 1.326 м. Кумановската долина спаѓа во рамките на централниот дел на регионот, со височина од 200 м. Разновидните видови на земјиште овозможуваат одгледување на различни култури.

## Реки

Хидрографската мрежа во Куманово е сочинета од следниве реки: Пчиња, Кумановска Река и Крива Река, како и од малите притоки на реката Пчиња. Пчиња е најголема и најважна река во Куманово и е втора најголема притока на реката Вардар. Изворот на Пчиња се наоѓа на врвот на планината Дукат (1.660), во Србија.

## Минерални и термални води

Општината изобилува со минерални и термални води. Во атарот на с. Проевце, на термите чија просечна температура изнесува 30ОС, изграден е бањскиот комплекс Кумановска Бања. Водата изобилува со калциум, натриум, хидрокарбонати, магнезиум, јод и други минерали, што ја прават лековита и корисна за различни корисници; од неа луѓето полнат и шишиња и за пиење. Во пошироката околина познати се термалните води во с. Стрновац (сега Општина Старо Нагоричане), по течението на реката Пчиња и во Карадачкиот регион (сега Општина Липково) .

## Минерали и руди

На територијата на Општината Куманово и во околните општини се експлоатираат резерви на глина погодна за туларската индустрија. На неколку локации во самата општина и во околните општини се наоѓаат копови на квалитени травертини и мермери. Базалтот, антимонско-арсенските наоѓалишта, како и вулканскиот туф не се доволно експлоатирани за индустриски потреби и сигурно претставуваат огромен потенцијал за новите инвеститори.

## Клима

Температурата на воздухот е важен метеоролошки фактор. Регионот на Куманово се карактеризира со типична континентална клима, со просечна температура од 11, 8 $C^0$, додека температурата на подолните делови на планините околу Куманово е од еден до два степена пониска.

## Карактеристики на руралните средини.

Според бројот на селските населби, руралната средина на Општината Куманово спаѓа во срединие со поголем број селско население. Меѓутоа некои подрачја, на една страна, се раселуваат, односно стануваат депопулациони, а на друга, има подрачја со позитивно популационо салдо.

Во мрежата на населбите преовладуваат мали села (по помалку од 300 жители) и значителен број раштркани населби кои по својата функција создаваат

тешкотии во нивниот развој. Меѓутоа има и големи села кои треба итно урбанистички да се уредуваат. Според структурата на земјоделската површина во руралната средина на оваа општина најповолни се можностите за обавување на поледелието, а во некои подрачја за сточарството и шумското стопанство но во поограничен обем.

Според орографските услови, односно разновидната релјефна структура, во руралната средина на општината Куманово најмногу преовладуваат ридските села, потоа следат рамничарските, а најмалку се застапени планинските населби.

Во структурата на земјоделската површина, е најмногу застапено обработливото земјиште, што значи дека поледелството (најголема површина обработливо земјиште има подрачјето Табановце од 6.981, 3 ха), дава најголема можност за активност во земјоделството, потоа следат пасиштата, а најмалку има шумско земјиште. Од тука произлегува и констатацијата за развој на поледелството, со можности за развој на сточарството и поограничени услови за шумско стопанство.

Имено просторот на општината Куманово по својата релјефна структура и другите природни одлики, посебно во средишниот дел на котлината има брановита морфопластика, односно рамничарско - ридски карактер, каде покрај нивските култури, се застапени овоштарници и лозја. Пасиштата се наоѓаат главно на допирниот дел меѓу рамничарско - ридската и планинската страна. Шумите кои заземаат најмала површина, се главно ограничени на околните планински страни, а особено на страната на Козјак.

Меѓутоа соодносот помеѓу структурата на домаќинствата и обработливото земјиште не е еднаков по одделните рурални подрачја, па затоа е нееднакво искористувањето на земјиштето, односно е различен интензитетот на деаграризацијата. Така во западниот дел на општината се јавува аграрна пренаселсност, а во источниот се шири процесот на деагрегација. На северната, страна, пак, земјоделството се наоѓа на границата на деаграризацијата, додека на јужната соодносот е сеуште поволен.

Врз основа на општите показатели за популациско - аграрните прилики во руралната средина на општината Куманово може да се заклучи дека во неа тие прилики се различни кај одделни подрачја и најчесто тие се класифицираат врз основа на различни критериуми.

Не редок е случајот да се врши класификација врз основа на *структурата на земјоделската површина по својата функција* и во таа консталација подрачјата можат да се поделат во ***три групи***: (првата ја сочинуваат руралните подрачја кои имаат мешовита, односно **поледелско - сточарско - шумска** функција, втората ја сочинуваат руралните подрачја кои имаат **поледелско - сточарска** функција и третата група главно **поледелска** функција).

Врз основа на критериумот за застапеност и видот на културите кои се условени од морфопластиката на атарот, бонитетот на земјиштето, обликот и протегањето на атарите се класифицираат рурални средини во **четири групи**: (првата група ги вклучува селата со исклучиво поледелска функција, а со ваква функција има најголем дел села, кои според видот на културите населбите меѓу себе се разликуваат, односно кај некои се застапени сите видови поледелски култури (нивински култури, градинарски, овоштарници и лозје), а кај други само некои од нив, во втората група припаѓаат селските населби кои имаат поледелско - сточарска функција, бидејќи на нивните атари најголема површина заземаат пасиштата и обработливото земјиште, во третата група припаѓаат селата кои имаат претежно поледелско - шумарска функција, бидејќи на нивните атари најголема површина заземаат шумите и обработливото земјиште и во четвртата група припаѓаат населбите кои имаат меѓовита односно поледелско - сточарско - шумарска функција, односно на атарите на селата се застапени обработливо земјиште, пасишта и шуми.

Но за изработка на оваа подстратегија, се користеа критериуми за географска положба на селските населби и тоа во три групи: првата е **ридско-планинаски**, втората група **низински** и третата група **погранични** села.

## *Население и Социјална структура на Општина Куманово*

### Население

Куманово претставува мултиетнички центар на балканот со одлики на испреплетени традиции, спомени и визии за соживот.

Имено на територијата на општината живеат граѓани од различни етнички групи и тоа: Македонци, Албанци, Роми, Срби, Турци, Власи, Бошњаци и останати.

| | |
|---|---|
| Македонци | 59, 58 % |
| Албанци | 26, 44 % |
| Срби | 8, 75 % |
| Роми | 4, 12 % |
| Турци | 0, 28 % |
| Власи | 0, 14 % |
| Бошњаци | 0, 01 % |
| Други | 0, 64 % |




Извор Државен завод за статистика на Република Македонија за 2002 година.

| Воздраст | Се | мажи | жени |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 103205 | 51961 | 51244 |
| 0-4 | 6773 | 3510 | 3263 |
| 5-9 | 7693 | 3987 | 3706 |
| 10-14 | 8434 | 4342 | 4092 |
| 15-19 | 8511 | 4296 | 4215 |
| 20-24 | 8633 | 4363 | 4270 |
| 25-29 | 8298 | 4246 | 4052 |
| 30-34 | 7464 | 3705 | 3759 |
| 35-39 | 7584 | 3810 | 3774 |
| 40-44 | 7368 | 3789 | 3579 |
| 45-49 | 7405 | 3829 | 3576 |
| 50-54 | 6524 | 3288 | 3236 |
| 55-59 | 4636 | 2322 | 2314 |
| 60-64 | 4273 | 2100 | 2173 |
| 65-69 | 4044 | 1931 | 2113 |
| 70-74 | 2702 | 1220 | 1482 |
| 75-79 | 1629 | 694 | 935 |
| 80-84 | 834 | 361 | 473 |
| 85 и повеќе | 349 | 157 | 192 |
| непознато | 51 | 11 | 40 |




Дијаграм според старосна Структура

| | се | мажи | жени |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 103205 | 51961 | 51244 |
| 0-14 | 22900 | 11839 | 11061 |
| 15-64 | 70696 | 35748 | 34948 |
| 65 и повеќе | 9558 | 4363 | 5195 |
| непознато | 51 | 11 | 40 |

| % | се | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 100 | 100 | 100 |
| 0-14 | 22.19 | 22.78 | 21.58 |
| 15-64 | 68.50 | 68.80 | 68.20 |
| 65 и повеќе | 9.26 | 8.40 | 10.14 |
| непознато | 0.05 | 0.02 | 0.08 |

## Во руралните средини на општина Куманово

Во руралните средини на општина Куманово, се одвива процес на депопулација и деаграризација (посебно изразено во ридско - планинските и недоволно развиени селски средини), а во други расте бројот на популацијата (посебно изразени во рамничарските села, и во селските средини кои се наоѓаат во близината на Градот Куманово).

Табела: Вкупно население во Општина Куманово според изјаснувањето за националната припадност, по пол

| | Национална припадност |
|---|---|

| | Вкупно | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Останати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Агино село | 965 | 949 | - | - | - | - | 13 | - | 3 |
| мажи | 504 | 496 | - | - | - | - | 7 | - | 1 |
| жени | 461 | 453 | - | - | - | - | 6 | - | 2 |
| Бедиње | 2327 | 1451 | 547 | - | 156 | - | 164 | - | 9 |
| мажи | 1181 | 743 | 276 | - | 76 | - | 83 | - | 3 |
| жени | 1146 | 708 | 271 | - | 80 | - | 81 | - | 6 |
| Биљановце | 1231 | 1195 | - | - | - | - | 32 | - | 4 |
| мажи | 641 | 623 | - | - | - | - | 18 | - | - |
| жени | 590 | 572 | - | - | - | - | 14 | - | 4 |
| Брзак | 104 | 88 | - | - | - | - | 16 | - | *- |
| мажи | 58 | 47 | - | - | - | - | 11 | - | - |
| жени | 46 | 41 | - | - | - | - | 5 | - | - |
| Вак'в | 108 | 108 | - | - | - | - | - | - | - |
| мажи | 58 | 58 | - | - | - | - | - | - | - |
| жени | 50 | 50 | - | - | - | - | - | - | - |
| Винце | 90 | 90 | - | - | - | - | - | - | - |
| мажи | 44 | 44 | - | - | - | - | - | - | - |
| жени | 46 | 46 | - | - | - | - | - | - | - |
| Габреш | 82 | 82 | | | | | | | |
| мажи | | | | | | | | | |
| жени | | | | | | | | | |
| Горно Коњаре | 1136 | 565 | 255 | - | - | - | 314 | - | 2 |
| мажи | 574 | 279 | 121 | - | - | - | 174 | - | - |
| жени | 562 | 286 | 134 | - | - | - | 140 | - | 2 |
| Градиште | 213 | 213 | | | | | | | |
| мажи | | | | | | | | | |
| жени | | | | | | | | | |
| Д'лга | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| мажи | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| жени | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Доброшане | 1655 | 1571 | - | - | 24 | 39 | 17 | 1 | 3 |
| мажи | 845 | 807 | - | - | 9 | 21 | 5 | - | 3 |
| жени | 810 | 764 | - | - | 15 | 18 | 12 | 1 | - |
| Довезенце | 167 | 163 | - | - | - | - | 3 | - | 1 |
| мажи | | | | | | | | | |
| жени | | | | | | | | | |
| Долно Коњаре | 1286 | 669 | 91 | - | 2 | - | 516 | - | 8 |
| мажи | 671 | 333 | 48 | - | 1 | - | 285 | - | 4 |
| жени | 615 | 336 | 43 | - | 1 | - | 231 | - | 4 |
| Живиње | 56 | 56 | | | | | | | |
| мажи | | | | | | | | | |
| жени | | | | | | | | | |
| Зубовце | 98 | 98 | | | | | | | |
| мажи | | | | | | | | | |
| жени | | | | | | | | | |
| Јачинце | 93 | 93 | | | | | | | |
| мажи | | | | | | | | | |
| жени | | | | | | | | | |
| Карабичане | 43 | 5 | - | - | - | - | 37 | - | 1 |
| мажи | 23 | 1 | - | - | - | - | 21 | - | 1 |
| жени | 20 | 4 | - | - | - | - | 16 | - | - |
| Клечовце | 615 | 610 | | | | | 5 | | |
| мажи | | | | | | | | | |
| жени | | | | | | | | | |
| Кокошиње | 69 | 68 | - | - | - | - | 1 | - | - |
| мажи | | | | | | | | | |
| жени | | | | | | | | | |
| Колицко | 127 | 127 | | | | | | | |
| мажи | | | | | | | | | |
| жени | | | | | | | | | |
| Косматац | 81 | 81 | | | | | | | |
| мажи | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| жени | | | | | | | | | |
| Кутлибег | 27 | 27 | | | | | | | |
| мажи | | | | | | | | | |
| жени | | | | | | | | | |
| Кучкарево | 165 | 165 | | | | | | | |
| мажи | | | | | | | | | |
| жени | | | | | | | | | |
| К'шање | 83 | 83 | | | | | | | |
| мажи | | | | | | | | | |
| жени | | | | | | | | | |
| Лопате | 2448 | 478 | 1886 | - | - | - | 80 | - | 4 |
| мажи | 1242 | 256 | 944 | - | - | - | 41 | - | 1 |
| жени | 1206 | 222 | 942 | - | - | - | 39 | - | 3 |
| Љубодраг | 686 | 440 | - | - | - | - | 243 | - | 3 |
| мажи | 353 | 224 | - | - | - | - | 128 | - | 1 |
| жени | 333 | 216 | - | - | - | - | 115 | - | 2 |
| Мургаш | 87 | 84 | - | - | - | - | 3 | - | - |
| мажи | | | | | | | | | |
| жени | | | | | | | | | |
| Ново Село | 274 | 70 | - | - | - | - | 204 | - | - |
| мажи | 144 | 33 | - | - | - | - | 111 | - | - |
| жени | 130 | 37 | - | - | - | - | 93 | - | - |
| Новосељане | 86 | 86 | | | | | | | |
| мажи | | | | | | | | | |
| жени | | | | | | | | | |
| Орашац | 480 | 479 | - | - | - | - | 1 | - | - |
| мажи | | | | | | | | | |
| жени | | | | | | | | | |
| Пезово | 84 | 84 | | | | | | | |
| мажи | | | | | | | | | |
| жени | | | | | | | | | |
| Проевце | 2311 | 2218 | - | - | 18 | - | 73 | - | 2 |
| мажи | 1188 | 1145 | - | - | 10 | - | 33 | - | - |
| жени | 1123 | 1073 | - | - | 8 | - | 40 | - | 2 |
| Пчиња | 793 | 789 | - | - | - | - | 4 | - | - |
| мажи | 403 | 400 | - | - | - | - | 3 | - | - |
| жени | 390 | 389 | - | - | - | - | 1 | - | - |
| Режановце | 705 | 661 | 1 | 1 | - | - | 42 | - | - |
| мажи | 370 | 352 | 1 | - | - | - | 17 | - | - |
| жени | 335 | 309 | - | 1 | - | - | 25 | - | - |
| Речица | 557 | 110 | 1 | - | - | - | 445 | - | 1 |
| мажи | 286 | 41 | - | - | - | - | 244 | - | 1 |
| жени | 271 | 69 | 1 | - | - | - | 201 | - | - |
| Романовце | 2794 | 716 | 2028 | 35 | - | - | 6 | - | 9 |
| мажи | 1444 | 384 | 1035 | 24 | - | - | - | - | 1 |
| жени | 1350 | 332 | 993 | 11 | - | - | 6 | - | 8 |
| Скачковце | 166 | 165 | - | - | - | - | 1 | - | - |
| мажи | | | | | | | | | |
| жени | | | | | | | | | |
| Сопот | 318 | 2 | 306 | - | - | - | 6 | 1 | 3 |
| мажи | 171 | - | 166 | - | - | - | 3 | - | 2 |
| жени | 147 | 2 | 140 | - | - | - | 3 | 1 | 1 |
| Студена бара | 344 | 343 | - | - | - | - | 1 | - | - |
| мажи | 178 | 178 | - | - | - | - | - | - | - |
| жени | 166 | 165 | - | - | - | - | 1 | - | - |
| Сушево | 34 | 3 | 1 | - | - | - | 30 | - | - |
| мажи | 17 | 1 | - | - | - | - | 16 | - | - |
| жени | 17 | 2 | 1 | - | - | - | 14 | - | - |
| Табановце | 910 | 205 | 177 | - | - | - | 516 | - | 12 |
| мажи | 466 | 83 | 95 | - | - | - | 284 | - | 4 |
| жени | 444 | 122 | 82 | - | - | - | 232 | - | 8 |
| Тромеѓа | 1298 | 692 | - | - | - | - | 604 | - | 2 |
| мажи | 663 | 334 | - | - | - | - | 329 | - | - |
| жени | 635 | 358 | - | - | - | - | 275 | - | 2 |
| Умин Дол | 442 | 214 | - | - | - | - | 226 | - | 2 |
| мажи | 226 | 108 | - | - | - | - | 116 | - | 2 |
| жени | 216 | 106 | - | - | - | - | 110 | - | - |
| Черкези | 3741 | 2 | 3719 | - | - | - | - | 4 | 16 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| жени | 1874 | 1 | 1862 | - | - | - | - | 4 | 7 |
| Четирце | 216 | | | | | | | | |
| мажи | 107 | | | | | | | | |
| жени | 109 | | | | | | | | |
| Шупљи Камен | 124 | 123 | - | - | - | - | 1 | - | - |
| мажи | | | | | | | | | |
| жени | | | | | | | | | |

Извор Државен завод за статистика на Република Македонија за 2002 година

## *Социјална структура на населението од руралните средини*

Најголемиот број вработувања се регистрирани во приватните мали и средни претпријатија кои секојдневно добиваат поголем нагласок како носители на економијата во Кумановскиот регион .

Локалната самоуправа на Општина Куманово се стреми кон развој на Програми и Проекти кој ќе го зголемат бројот на вработените во општината .

Но позагрижувачки е фактот на податоците кои произлегуваат од табелите со податоци за невработени.

Структура на лицата кои бараат работа, град и село

| | Република Македонија | | Општина Куманово | |
|---|---|---|---|---|
| | 2007 | 2008 | 2007 | 2008 |
| Вкупно | 290239 | 274701 | 20893 | 19152 |
| Град | 204530 | 192085 | 17056 | 15459 |
| Село | 85709 | 82616 | 3837 | 3693 |
| | | | | |
| Вкупно | 100, 0 | 100, 0 | 100, 0 | 100, 0 |
| Град | 70, 5 | 69, 9 | 81, 6 | 80, 7 |
| Село | 29, 5 | 30, 1 | 18, 4 | 19, 3 |

Извор: Агенција за вработување на Република Македонија

Имено во изминатиот период многубројните фактори како мигрирањето на населението од град во село, економскиот колапс, неквалификувана работна сила за пазар на трудот придонесоа бројките да бидат енормно зголемени. Иако овој проблем не е во надлежност на самата ЛС, со процесот на децентрализацијата и со можноста за градење партнерства помеѓу релевантни институции на локално ниво се изработи Локален Акционен План за Вработување (ЛАПВ) кој се наоѓа во процедура на усвојување . Самиот план содржи елементи за можни активности кој ќе придонесат за создавање на подобар економски развој кој индиректно ќе овозможи нови вработувања. Во самиот акционен план се предвидуваат активноси и мерки за вработување на лица од руралните средини.

## *Образовна структура на Општина Куманово*

### а) Предшколско образование

Во областа на заштитата на децата, како општинска јавна установа функционира Детската градинка Ангел Шајче во Куманово. Оваа установа својата дејност ја врши во 6 (шест) објекти: Кокиче, Славејче, Синоличка, Развигорче, Пчелка, Буба Мара.

Од 2006 година се укинуваат забавишните групи на шестгодишна возраст на децата, како во Детската градинка така и во основните училишта и, во согласност со Законот, тие стануваат дел од задолжителното основно образование во подготвителна настава.

## б) Основно образование

Основното образование во Општината е организирано во 16 основни училишта од редовното, задолжително образование и едно основно музичко училиште (Музичко училиште Панче Пешев) . Вкупниот број ученици во редовното основно образование во Општината во учебната 2007/2008 година изнесува 12.895 ученици, организирани во 571 паралелка (од овој број, ученици од I – IV одделение во кои има 5 генерации – две први одделенија, со 6 и со 7 годишна возраст на учениците, имаше вкупно 6.913 ученици, организирани во 327 паралелки, а ученици од V-VIII одделение имаше 5.982, организирани во 244 паралелки), а во Музичкото училиште се опфатени 243 ученици.

Наставата се изведува на македонски, албански и српски јазик, т.е. од наведениот број, според наставниот јазик, ученици од I – VIII одделение на македонски наставен јазик имаше 8.340 ученици во 377 паралелки, ученици на албански наставен јазик 4.475 во 186 паралеки и ученици на српски наставен јазик 80, организирани во 8 паралеки (прилози 1 и 2) .

Осум основни училишта во општината имаат организирано настава во истурени паралелки, т.н. подрачни училишта (вкупно 20 подрачни училишта) во кои наставата во учебната 2007/2008 година од I-VII одделение ја следеа вкупно 1.020 ученици. Од 20 подрачни училишта, кои работат при осум централни основни училишта (прилог 3), во 15 подрачни училишта наставата се изведува само од I – IV одделение, а само во 5 подрачни училишта наставата е организирана од I-VIII одделение (во подрачните училишта с. Пчиња при ОУ „ Браќа Миладиновци ‟, во ПУ –с.Сопот при ОУ „ Браќа Рибар ‟ – с.Табановце, во ПУ - с.Агино Село при ОУ „ Кирил и Методиј‟ – с.Романовце, во ПУ – с. Орашац при ОУ „ Кочо Рацин ‟ и во ПУ – с. Режановце при ОУ „ Толи Зордумис ‟) .

Поради демографските состојби, најголем број на комбинирани паралелки или чисти паралелки под 25 ученици, покрај основните училишта во руралните средини, имаат токму и подрачните училишта (еден број од овие подрачни училишта, во поранешните периоди, имаа статус на посебни правни субјекти, но со изменетите демографски состојби, ги загубија законските услови за тоа) .Овој процес продолжува во одделените подрачја на општината, а најкарактеристичен е случајот со ОУ „ Вера Которка ‟ с.Клечовце, кое се уште функционира како посебен правен субјект, а вкупен број на ученици од I-VIII одделение е 74, како и во ОУ „ Карпош‟ с.Умин Дол, каде бројот на учениците од I-VIII одделение е 132.

## в) Средно образование

Средното образование е организирано во 4 општински средни училишта - СОУ Гоце Делчев, СОУ Перо Наков, ОСТУ Наце Буѓони и ССОУ Земјоделско училиште Киро Бурназ. Во нив, во учебната 2007/2008 се запишани вкупно 6.667 ученици. Наставата се изведува на македонски и на албански јазик. Од овие 4 средни училишта, едно е гимназија, а останатите три се средни стручни училишта во кои се повеќе се воведуваат конјунктурни струки и образовни профили што ги бара пазарот на трудот.

Преглед на бројот на учениците во средното образование (од I - IV год.)
во општина Куманово во учебната 2007 / 2008 година
според наставен јазик и место на живеење на учениците по општини

| Ред. број | Средно училиште | Вкупно ученици | Наставен јазик | Македонски наставен јазик | Албански наставен јазик |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | Македонски | Албански | од општина Куманово | од општина Старо Нагоричане | од други општини | од општина Куманово | од општина Липково |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| 1 | СОУ Гимназија „ Гоце Делчев" | 2.523 | 1.143 | 1.380 | 1.135 | 8 | - | 802 | 578 (407 во објект с.Липково) |
| 2 | СОУ „ Перо Наков " | 1.574 | 900 | 674 | 871 | 24 | 5 | 420 | 254 |
| 3 | ОСТУ „ Наце Буѓони" | 1.812 | 1.004 | 808 | 963 | 26 | 15 | 442 | 366 |
| 4 | ССОУ „ Киро Бурназ" | 758 | 640 | 118 | 600 | 40 | - | - | 118 (во објект с.Липково) |
| | | **6.667** | **3.687** | **2.980** | **3.569** | **98** | **20** | **1.664** | **1.316** |

Извор: Информација за Совет од Секторот за јавни установи на општина Куманово

## г) Објекти од сферата на образованието кои се наоѓаат во руралните средини

Врз основа на Информација за состојбата во подрачните училишта на основното образование во Општина Куманово која беше презентирана пред Советот на Општината (октомври 2008 година), беше направена анализа на постојните објекти кои се во сопственост на локалната самоуправа, но во кои не се одвива настава и претставуваат потенцијални објекти кои можат да послужат во имплементација на предвидени активности од оваа под-стратегија.

Преглед на објектите на подрачните училишта на основните училишта во општината Куманово, во кои не се изведува настава / состојба 01.09.2008 година/

| ред.број | Основно училиште | Објект на подрачното училиште | Површина на објектот на ПУ во м$^2$ |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1 | ОУ „ Кочо Рацин ' | ПУ- с.Живиње | 112 м$^2$ |
| | | ПУ-с.Кокошиње | 328 м$^2$ |
| | | ПУ-с.Колицко | 176 м$^2$ |
| | | ПУ-с.Пезово | 256 м$^2$ |
| | | ПУ-с.Шупљи Камен | 291 м$^2$ |
| | | ПУ-с.Орашац (стар објект) | 250 м $^2$ |
| 2 | ОУ „ Вера Которка " с.Клечовце | ПУ- с.Горно Бељаковци | (руинирано) |
| | | ПУ-с.Долно Бељаковци | 128 м$^2$ |
| | | ПУ-с.Довезенце | (опожарено - руинирано) |
| | | ПУ-с.Новосељане | 200 м$^2$ |
| | | ПУ-с.Мургаш | 200 м$^2$ |
| | | ПУ-с.Зубовце | 80 м$^2$ |
| | | ПУ-с.Горно Јачинце | 260 м$^2$ |
| 3 | ОУ „ Браќа Рибар " - с.Табановце | ПУ-с.Карабичане | 96 м$^2$ |
| | | ПУ-с.Сушево | 120 м$^2$ |
| 4 | ОУ„ Браќа Миладиновци " | ПУ-с.Винце | (руинирано) |
| | | ПУ-с.Д'лга | (руинирано) |
| | | ПУ- Вак'в | 35 м$^2$ (1 просторија, друг простор руиниран) |
| Вкупно: | | | 2.532 м$^2$ |

Извор: Информација за Совет од Секторот за јавни установи на општина Куманово

Исто така во контекст на активности кои се предвидени со горенаведените објекти издвојуваме и информации за состојбата на подрачни училишта-објекти за кои е потребна подготовка на урбанистички планови, кои ќе овозможат основа за имплементација на развојни проекти :

- с.Сопот (ПУ под ОУ „ Браќа Рибар “)
- с.Горно Којнаре (ПУ под ОУ „ Браќа Рибар “)
- с.Костурник (ПУ под ОУ „ Браќа Рибар “)
- с.Клечовце (ОУ „ Вера Которка “)
- с.Кучкарево (ПУ под ОУ „ Кочо Рацин “)
- с.Градиште (ПУ под ОУ „ Кочо Рацин “)
- с.Габреш (ПУ под ОУ „ Кочо Рацин “)
- нас.Иго Тричковиќ (ПУ под ОУ „ Христијан Тодоровски Карпош)

## *Економија и аграр на Општина Куманово*

Со своето учество од 5, 12% во вкупниот број претпријатија, Општината Куманово е на трето место во Македонија, веднаш по градот Скопје, со 25.975 претпријатија (вклучувајќи ги сите општини), и по Општината Битола, со 4.457 претпријатија.

| | **Вид на деловни субјекти** | број на деловни субјекти | **Деловни активности** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно деловни субјекти | 7.155 | 1 | Земјоделство - шумарство | 98 | 9 | Сообраќај, складирање, врски | 609 |
| | Претпријатија | 3.442 | 2 | Риболов | - | 10 | Финансиско посредување | 5 |
| | Трговски друштва | 2.850 | 3 | Вадење на руда и камен | 3 | 11 | Активности во врска со недвижен имот | 212 |
| | Трговец - поединец | 420 | 4 | Преработувачка индустрија | 1.045 | 12 | Одбрана и социјална заштита | 52 |
| | Останато, здруженија, организации и др. | 442 | 5 | Снабдување со гас и енергија | 4 | 13 | Образование | 59 |
| | | | 6 | Градежништво | 167 | 14 | Здраствена и социјална заштита | 114 |
| | | | 7 | Трговија на големо и мало | 4.081 | 15 | Други комунални, културни, општи и услужни дејсности | 442 |
| | | | 8 | Хотели и ресторани | 263 | 16 | Екстериторијални организации и тела | 1 |
| | | | Вкупен број на деловни субјекти | | | | | 7.155 |

Извор: Статистички годишник на Република Македонија, 2004 год.

